РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1565/3
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението од својата 8-ма седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1565/1 од 09.05.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1565/1 од 09.05.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето и препис од истата да се достави до подносителот.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1565/1 од 09.05.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на изборниот процес Претседателски и парламентарни избори 2024 година од страна на службено лице ///, директор на ООУ "///" во /// и /// на истото училиште. Имено, подносителот во пријавата изразува незадоволство од донесено Решение од страна на пријавеното службено лице – директор со кое бил прераспореден на работа како наставник во комбинирана паралелка во подрачното училиште во ///, од наставник во одделенска настава во централното училиште во ///, поради потреба од наставник во тоа училиште и дека истото е направено за време на изборниот процес. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

надлежности. Во прилог на пријавата е доставено Решението за прераспоредување на подносителот, во фотокопија, кое го оспорува како незаконско и бара истото да се стави вон сила.

Пријава со истата содржина во однос на направеното прераспоредување е доставена и до Државниот просветен инспекторат, кој за истото ја извести ДКСК со Известување ///бр./// од /// година.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување. Имено, во конкретниот случај се работи за повреда на индивидуално правно од работен однос, кое подносителот има право да го штити пред други надлежни органи. Воедно за истата правна работа е известен и постапува надлежниот Државен просветен инспекторат. Од аспект на повреда на одредбите од чл.34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, односно членот 8 а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, ДКСК констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат, а повреда на наведените законски одредби не е сторена, имајќи предвид дека прераспоредувањето на исто работно место од централно во подрачно училиште во рамки на истата општина не е опфатено со забраните од спomenатите закони кои што важат за време на изборниот процес.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С. С. М., член